Стефан Буџакоски, PhD[1]
Наташа Тодоровска, MA[2]

UDC:
343.126.1

# ANALIZA E APLIKIMIT TË MASËS SË PARABURGIMIT, DUKE IU REFERUAR PROKURORISË THEMELORE NË LEGJISLACIONIN PENAL TË MAQEDONISË

# АНАЛИЗА НА ПРИМЕНАТА НА МЕРКАТА ПРИТВОР СО ОСВРТ НА ЈАВНОТО ОБВИНИТЕЛСТВО ВО МАКЕДОНСКОТО КАЗНЕНО ЗАКОНОДАВСТВО

# ANALYSIS OF APPLICATION OF DETENTION WITH REFERENCE TO THE PROSECUTION IN MACEDONIAN CRIMINAL LAW

**Abstract**

In order to strengthen the role of the criminal justice system, especially in the prosecution of serious crime forms, including organized crime, corruption, financial crime and human trafficking, detention plays an important role towards that goal though it is one of the cruelest ways of dealing with it which affects fundamental human rights. However it is also the most reliable element that the defendant will not hamper the proceedings. Detention as the strictest measure for ensuring the accused presence and successful conduct of criminal proceedings is provided with the Criminal Procedure Code and should be awarded in exceptional cases. As far as its legal identification is concerned, it is necessary to keep in mind the principle of individuality and evaluation

[1] Редовен професор, Прв приватен Универзитет ФОН, Факултет за правни науки, stefan.budzakoski@yahoo.com
[2] Докторант, Асистент на Прв приватен Универзитет ФОН, Факултет за правни науки, todorovskan@yahoo.com

of the specific circumstances related to the defendant and the crime he is charged with, to present argumented reasons for the award and implementation of the detention. The purpose of this paper is the elaboration of the key role of detention through the study and analysis of detention in criminal proceedings and to provide guidance on its application within the law with respect of fundamental constitutional rights such as the right for freedom. The purpose of the imposition of detention is to ensure the constant presence of the accused in the criminal proceedings and avoid complications unlike the opposite opinion that with this measure the accused is automatically rendered guilty.

**Keywords:** detention, accused, prosecution, statistics.

**ВОВЕД**

Законот за кривична постапка на Република Македонија ги утврдува правилата со кои се гарантира никој невин да не биде осуден, а на виновникот да му се изрече казнена санкција под условите што ги предвидува Кривичниот законик на Република Македонија (во понатамошниот текст: КЗМ)[3] и врз основа на законито спроведената постапка (чл. 1 од Законот за кривична постапка).[4] Во чл. 3 од ЗКП е предвидено дека пред да се донесе правосилна пресуда, слободите и правата на обвинетиот и другите лица можат да бидат ограничени само во мера која е потребна и под услови што ги предвидува овој закон. Поради тоа, потребно е посебно внимание да се посвети за текот на казнената постапка.[5]

Секој граѓанин на Република Македонија, доколку биде повикан од страна на судовите, има обврска да одговори на таа покана, со тоа што ќе се појави во судот и со сознанијата со кои располага ќе помогне во расветлување на предметниот казнено-правен настан кој е предмет на казнената постапка. Од друга страна стои и обврската доколку граѓанинот располага со некои предмети кои се од важност за кривичната постапка да ги достави на судот, на негово барање.

---

[3] Кривичен Законик, Службен весник на РМ, br. 37/96, 80/99, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14 и 115/14.

[4] Закон за кривична постапка, Службен весник на РМ, бр. 150/10.

[5] За текот на казнената постапка види во: Никола Матовски, Казнено процесно право, Академик, Скопје, 2011, стр. 120.

Како неопходен услов за примена на какви било присилни мерки кон обвинетиот е постоење на основано сомнение дека е извршено кривично дело и дека е покрената кривична постапка кон обвинетиот, со постоење на можност од настапување штета ако не се применат тие мерки; потоа, никакви други присилни мерки не може да се применуваат во казнената постапка, освен тие што се наведени во законот (чл. 144 од ЗКП).

Законот на обвинетиот му гарантира дека само во исклучителни случаи гарантираните права кои тој ги има ќе му бидат ограничени, а воедно и примената на мерките за обезбедување ќе придонесат за успешно и ефикасно водење на кривичната постапка. Нашето казнено законодавство препознава две групи на мерки и тоа: мерки кои обезбедуваат присуство на лица во кривичната постапка (покана, мерки на претпазливост, гаранција, приведување, лишување од слобода, задржување, краткотраен притвор, куќен притвор и притвор) и другата група е мерки кои обезбедуваат предмети за потребите на кривичната постапка.[6] При одлучувањето која од наведените мерки ќе ја примени, надлежниот орган ќе се придржува кон условите определени за примена на одделни мерки, водејќи сметка да не се применува потешка мерка ако истата цел може да се постигне со поблага мерка.[7]

## АНАЛИЗА НА ПРИТВОРОТ ВО ВРЕМЕНСКИ ПЕРИОД 2009-2014 ГОДИНА

Со оглед на целта на трудот во овој дел ќе бидат разработени статистичките податоци кои ни се ставени на располагање, преку извештаите на Јавното обвинителство на Република Македонија, за периодот од 2009-2014 година.[8]

### Примена на мерката притвор во 2009 година

Мерката притвор била одредена на 680 лица, што е намалување во однос на претходната година, односно мерката била

[6] Гордана Лажетиќ – Бужаровска, Казнено процесно право (учебно помагало), Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје, Правен факултет „Јустинијан Први“, Скопје, 2015, стр. 161-162.

[7] http://polis.osce.org/library/f/4100/3822/OSCE-MKD-TRN-4100-MK-3822.pdf

[8] Временскиот период е предмет на анализа согласно објавените податоци од страна на Јавното обвинителство на РМ.

определена за 736 лица во 2008 година.[9] Во пристапот за времетраењето на притворот можеме да забележиме дека најчесто е определуван до 30 дена, а во помал број до 60, 90 и преку 90 дена.

Во однос на структурата на кривични дела за кој е изречена мерката притвор, во 2009 година во најголем број случаи мерката притвор била одредувана за кривични дела против имотот, потоа за кривични дела против животот и телото, против здравјето на луѓето, против правниот сообраќај, во зависност од одделните региони односно структурата на криминалот во тие региони.

Во текот на 2009 година, од страна на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, во поголем дел од случаите со барањето за спроведување на истрага била предложена и мерката притвор согласно чл. 184 ст.1 т.1, 2 и 3 од ЗКП а таквите предлози биле прифатени против 200 обвинети лица.

Мерката притвор до 48 часа е определена на 3 лица, до 30 дена на 32 лица, до 60 дена на 53 лица, до 90 дена на 65 лица, до 6 месеци на 21 лице и над 6 месеци 26 лица.[10]

Во 2009 година за 84 лица била определена мерка куќен притвор според чл. 182-а од ЗКП, за определени случаи како замена на претходно одредената мерка притвор, а во одредени случаи и како првична мерка за обезбедување присуство на обвинетите во текот на казнената постапка по предложена мерка притвор. Според извештајот на обвинителството во 2009 година има значително зголемување на бројот на лица против кои е определена мерката куќен притвор и тоа во однос на 2008 година, во текот на која оваа мерка била определена против 37 лица има зголемување од 127,02 %.

Мерката куќен притвор до 30 дена е определена на 6 лица, до 60 дена на 40 лица, до 90 дена на 18 лица, до 6 месеци на 16 лица, над 6 месеци на 4 лица или вкупно 84 лица.

Мерката притвор во 2009 година за предмети од 2008 година до 30 дена била определена на 1 лице, до 60 дена на 3 лица, до 90 дена на 5 лица, до 6 месеци на 9 лица, над 6 месеци на 47 лица или вкупно 65 лица.

---

[9] Извештај за работата на јавните обвинителства на Република Македонија во 2009 година, Јавно обвинителство на Република Македонија, Скопје, 2010.

[10] Податоците се превземени од извештаите на Јавното обвинителство на Република Македонија, за периодот 2009-2014 година.

Мерката куќен притвор во 2009 година за предмети од 2008 година до 30 дена била определена на 4 лица, до 90 дена на 9 лица, до 6 месеци на 7 лица, над 6 месеци на 14 лица или вкупно на 34 лица.

**Примена на мерката притвор во 2010 година**

Мерката притвор во 2010 година била применета против 693 лица, што во однос на 680 лица во 2009 година, претставува незначително зголемување од 13 лица.[11] Од годишните извештаи на јавните обвинителства произлегува дека во најголем број случаи мерката притвор траела до 30 дена, а во помал број до 60, 90 или преку 90 дена. Времетраењето на притворот согласно одредбите на ЗКП е врзано за висината на казната за поодделни кривични дела. Во однос на претходната година може да се забележи дека на подрачјето на Вишото јавно обвинителство Скопје со подрачните основни јавни обвинителства мерката притвор била помалку определена за 30 лица, додека кај останатите виши обвинителства има зголемување и тоа: кај Вишо јавно обвинителство Битола за 23 лица, Вишо јавно обвинителство Штип за 16 лица и Вишо јавно обвинителство Гостивар за 4 лица. Мерката притвор била најчесто применувана спрема сторителите на кривични дела против имотот, потоа за кривични дела против животот и телото и кривични дела против здравјето на луѓето.

Во 2010 година Основното јавно обвинителство за гонење на кривични дела од организиран криминал и корупција со поднесувањето на барањето за спроведување на истрага истовремено, а по основи од чл.184 ст.1 т.1, 2 и 3 од ЗКП до истражниот судија имало доставено и предлог за определување на мерка притвор против вкупно 204 лица, од кои против 191 лице пријавите биле примени во извештајната година и против 13 лица примени во претходната година. Сите предлози од истражниот судија биле прифатени. Во 2010 година согласно на чл.182-г од ЗКП била предложена и мерка куќен притвор спрема 13 лица. По двата основа овие мерки за обезбедување биле применети спрема вкупно 217 лица. Спрема 2 малолетници пријавени во 2010 година мерката притвор не била определена. Во однос на 2009 година кога мерката притвор била

[11] Извештај за работата на јавните обвинителства на Република Македонија во 2010 година, Јавно обвинителство на Република Македонија, Скопје, 2011.

применета спрема 200 лица претставува незначително зголемување само за 4 лица или изразено во проценти 2%.

Времетраењето на мерката притвор што е определена спрема 204 обвинети лица и тоа до 48 часа на 2 лица, до 30 дена на 71 лице, до 60 дена на 31 лице, до 90 дена на 19 лица, до 6 месеци на 37 лица и над 6 месеци на 44 лица.

На дел од овие лица првичната мерка притвор во текот на постапката им била заменета со мерка куќен притвор и тоа вкупно на 55 лица, чие времетраење на мерката притвор во текот на 2010 година е определена до 48 часа на 2 лица, до 30 дена на 7 лица, до 60 дена на 31 лице, до 90 дена на 19 лица, до 6 месеци на 37 лица и над 6 месеци на 44 лица или вкупно 204 лица.

Во 2010 година за 13 лица била определена мерката куќен притвор од чл.182-а од ЗКП, како прва мерка за обезбедување на присуство на обвинетите во текот на постапката.

Мерката куќен притвор е определена против 13 лица и тоа до 30 дена на 4 лица, до 60 дена на 1 лице, до 90 дена на 3 лица и до 6 месеци на 5 лица.

За 17 лица на кои мерката притвор им била определена во 2009 година истата продолжила да се применува и во 2010 година и тоа до 30 дена на 8 лица, до 60 дена на 1 лице, до 90 дена на 4 лица и до 6 месеци на 4 лица.

За 56 лица на кои мерката куќен притвор им била определена во 2009 година истата продолжила да се применува и во 2010 година и тоа до 30 дена на 4 лица, до 90 дена на 17 лица, до 6 месеци на 30 лица и над 6 месеци на 5 лица.

Статистичките податоци упатуваат дека мерката притвор била применета спрема сторителите на најтешки форми на кривични дела за кои ова обвинителство е стварно надлежно да постапува, при што го истакнуваме податокот дека оваа мерка во 2010 година најчесто е применувана за кривично дело Злосторничко здружување од чл.394 од КЗ во стек со други кривични дела, како и за кривично дело Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори од чл.215 од КЗ и Организирање на група и поттикнување на извршување на делата трговија со луѓе, трговија со малолетно лице и криумчарење мигранти од чл.417-в од КЗ.

**Примена на мерката притвор во 2011**

Мерката притвор во 2011 година била применета против 657 лица, што во однос на 693 лица во 2010 година е незначително намалување од 36 лица.[12] Од годишните извештаи на јавните обвинителства произлегува дека во најголем број случаи мерката притвор траела до 30 дена, а во помал број до 60, 90 или преку 90 дена.

Времетраењето на притворот согласно одредбите на Законот за кривична постапка е врзано за висината на казната за поодделни кривични дела. На подрачјето на Вишото јавно обвинителство Скопје со подрачните основни обвинителства мерката притвор била определена против 365 лица, на подрачјето на Вишото јавно обвинителство Битола оваа мерка била определена за 127 лица, на подрачјето на Вишото јавно обвинителство Гостивар за 97 лица и на подрачјето на Вишото јавно обвинителство во Штип мерката притвор била определена за 68 лица. Мерката притвор била применувана најчесто спрема сторителите на кривични дела против имотот, потоа за кривични дела против животот и телото и кривични дела против здравјето на луѓето.

Тргнувајќи од стварната надлежност на Основното јавно обвинителство за гонење на кривични дела од организиран криминал, барањата за спроведување истрага се однесуваат на тешки кривични дела извршени најчесто во организирана форма, во кои постои основано сомневање дека обвинетите ќе се сокријат односно ќе се дадат во бегство, ќе ги уништат трагите на кривичното дело или ќе ја попречуваат истрагата со тоа што ќе влијаат врз сведоците и соучесниците, а во одредени кривични дела и стравот дека ќе го повторат делото, јавните обвинители заедно со барањето за истрага за 221 лице поднеле и барање за определување на мерката притвор согласно чл.184 ст.1 т.1, 2 и 3 од ЗКП.[13] Од страна на надлежните истражни судии таквите предлози биле прифатени, па оваа мерка била определена против вкупно 221 обвинето лице и тоа притвор за 216 лица, а за 5 лица била определена мерка куќен притвор како прва одлука. Споредено со 2010 година кога мерката притвор и куќен притвор била изречена за 217 лица произлегува дека во извештајната 2011 година има мало зголемување во

[12] Извештај за работата на јавните обвинителства на Република Македонија во 2011 година, Јавно обвинителство на Република Македонија, Скопје, 2012.

[13] За надлежностите на Јавното обвинителство види во: Стефан Буџакоски, Казнено процесно право (авторизирани предавања), Скопје, 2012 година, стр. 180.

определувањето на мерката притвор за 4 лица. Изразено во проценти тоа е зголемување за 1,8%. Времетраењето на определената мерка притвор како прва мерка била определена против 216 лица и тоа до 30 дена на 18 лица, до 60 дена на 114 лица, до 90 дена на 40 лица, до 6 месеци на 21 лице и над 6 месеци на 23 лица.

На дел од овие лица првичната мерка притвор во текот на постапката им била заменета со мерка куќен притвор и тоа вкупно на 25 лица, чие времетраење во текот на 2011 година е определено до 30 дена на 13 лица, до 60 дена на 6 лица и над 6 месеци на 6 лица.

Во 2011 година за 5 лица била определена мерката куќен притвор од чл.182-а од ЗКП, како прва мерка за обезбедување на присуство на обвинетите во текот на постапката. Мерката куќен притвор била определена против 5 лица и тоа до 30 дена на 4 лица и на 1 лице до 60 дена.

За лица на кои мерката притвор им била определена во 2010 година истата продолжила да се применува и во 2011 година и тоа на 24 лица за времетраење повеќе од 6 месеци.

За лица на кои мерката куќен притвор им била определена во 2010 година истата продолжила да се применува и во 2011 година била определена на 7 лица во времетраење подолго од 6 месеци.

Анализирано според структурата на кривични дела за кои биле изречени за прв пат во 2011 година мерките притвор и куќен притвор определени против 221 лице може да се резимира: за делото - Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични droги, психотропни супстанции и прекурсори од чл.215 од КЗ овие мерки се изречени за 40 лица, за делото Злоупотреба на службената положба и овластување од чл.353 од КЗ мерките притвор и куќен притвор се изречени за 87 лица, за - Недозволено држење на оружје или распрскувачки материи од чл. 396 на 11 лица , потоа за - Злосторничко здружување од чл.394 од КЗ со Злоупотреба на службената положба и овластување од чл.353 од КЗ мерките се изречени за 34 лица, како и за Кривични дела против човечноста и меѓународното право овие мерки се изречени за 49 лица.

**Примена на мерката притвор во 2012**

Мерката притвор во 2012 година била применета против 733 лица, што во однос на 657 лица во 2011 година бележи зголемување од 76 лица.[14] Од годишните извештаи на јавните обвинителства произлегува дека во најголем број случаи мерката притвор траела до 30 дена, а во помал број до 60, 90 или преку 90 дена. Времетраењето на притворот согласно одредбите на Законот за кривична постапка е врзано за висината на казната за одделни кривични дела.

На подрачјето на Вишото јавно обвинителство Скопје со подрачните основни обвинителства мерката притвор била определена против 419 лица кое нешто во споредба со 2011 година од 365 лица се зголемува за 54 лица.

На подрачјето на Вишото јавно обвинителство Битола оваа мерка била определена за 150 лица, која бројка во споредба со 127 лица од 2011 година е зголемена за 23 лица.

На подрачјето на Вишото јавно обвинителство Гостивар за извештајниот период било определено притвор против 86 лица, кое нешто во споредба со претходните 97 лица од 2011 година значи намалување за 11 лица.

На подрачјето на Вишото јавно обвинителство во Штип мерката притвор била определена за 78 лица, кое нешто во споредба со 68 лица од 2011 година значи зголемен број за 10 лица.

Како и во изминатите години, мерката притвор била најчесто применувана спрема сторителите на кривични дела против имотот, потоа за кривични дела против животот и телото и кривични дела против здравјето на луѓето.

Тргнувајќи од стварната надлежност на Основното јавно обвинителство за гонење на кривични дела од организиран криминал, барањата за спроведување истрага се однесуваат на тешки кривични дела извршени најчесто во организирана форма, во кои постои основано сомневање дека обвинетите ќе се сокријат односно ќе се дадат во бегство, ќе ги уништат трагите на кривичното дело или ќе ја попречуваат истрагата со тоа што ќе влијаат врз сведоците и соучесниците а во одредени кривични дела и стравот дека ќе го повторат делото, јавните обвинители заедно со барањето за истрага за 188 лица поднеле и барање за определување на

[14] Извештај за работата на јавните обвинителства на Република Македонија во 2012 година, Јавно обвинителство на Република Македонија, Скопје, 2013.

мерката притвор согласно чл.184 ст.1 т.1, 2 и 3 од ЗКП. Од страна на надлежните истражни судии таквите предлози биле прифатени, па оваа мерка е определена против вкупно 188 обвинети лица и тоа притвор за 181 лице, а за 7 лица била определена мерка куќен притвор како прва одлука.

Споредено со 2011 година кога мерката притвор и куќен притвор била изречена за 221 лица произлегува дека во извештајната 2012 година се бележи мало намалување во определувањето на мерката притвор за 40 лица. Изразено во проценти тоа е намалување за 18%.

На дел од овие лица првичната мерка притвор во текот на постапката им била заменета со мерка куќен притвор и тоа вкупно на 13 лица, чие времетраење во текот на 2012 година е определено до 30 дена на 2 лица, до 60 дена на 3 лица, до 90 дена на 6 лица и до 6 месеци на 2 лица.

Во 2012 година за 7 лица била определена мерката куќен притвор од чл.182-а од ЗКП, како прва мерка за обезбедување на присуство на обвинетите во текот на постапката. Времетраењето на определената мерка куќен притвор против 7 лица и тоа до 30 дена на 1 лице, до 90 дена на 2 лица и до 6 месеци на 4 лица.

За 135 лица на кои мерката притвор им била определена во 2011 година истата продолжила да се применува и во 2012 година и тоа до 30 дена на 1 лице, до 60 дена на 4 лица, до 90 дена на 1 лице, до 6 месеци на 2 лица и над 6 месеци на 127 лица.

За 23 лица на кои мерката куќен притвор им била определена во 2011 година истата продолжила да се применува и во 2012 година и тоа во времетраење на подолго од 6 месеци.

Анализирано според структурата на кривични дела за кои биле изречени за прв пат во 2012 година, мерките притвор и куќен притвор определени против 188 лица состојбата е следната:

За Кривични дела против човечноста и меѓународното право по чл. 418-а,418-б,418-в, 418-г од КЗ овие мерки биле изречени за 61 лице, за Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични droги, психотропни супстанции и прекурсори одчл. 215 од КЗ за 44 лица, за делото Злосторничко здружување од чл.394 од КЗ за 17лица. За делата Злосторничко здружување од чл.394од КЗ и Злоупотреба на службената положба и овластување од чл.353 од КЗ мерките притвор и куќен притвор биле изречени за 14 лица. За Злосторничко здружување од чл.394 од КЗ со

Злоупотреба на службената положба и овластување од чл.353 од КЗ се изречени за 13 лица.

На 9 лица им биле изречени мерката притвор и мерката куќен притвор за делата Злосторничко здружување од чл.394 од КЗ со кривично дело Издавање на чек без покритие и злоупотреба на платежна картичка од чл.274од КЗ и Правење, набавување или отуѓување средства за фалсификување од чл.271 од КЗ. За кривично дело Тероризам по чл.394-б од КЗ овие мерки биле изречени на 6 лица.

На 2 лица им биле изречени овие мерки за обезбедување присуство и тоа за кривично дело Непријавување подготвување на кривично дело по чл. 363 од КЗ. Додека пак на 1 лице за кривично дело Перење пари други приноси од казниво дело по чл. 273 од КЗ.

**Примена на мерката притвор во 2013**

Мерката притвор во 2013 година била применета против 770 лица, што во однос на 733 лица во 2012 година е зголемување од 37 лица.[15] Од годишните извештаи на јавните обвинителства произлегува дека во најголем број случаи мерката притвор траела до 30 дена, а во помал број до 60, 90 или преку 90 дена. Времетраењето на притворот согласно одредбите на Законот за кривична постапка е врзано за висината на казната за поодделни кривични дела.

На подрачјето на Вишото јавно обвинителство Скопје со подрачните основни обвинителства мерката притвор била определена против 462 лица кое нешто во споредба со 2012 година од 419 лица се зголемува за 43 лица. На подрачјето на Вишото јавно обвинителство Битола оваа мерка била определена за 186 лица, која бројка во споредба со 150 лица од 2012 година е зголемена за 23 лица. На подрачјето на Вишото јавно обвинителство Гостивар за извештајниот период определено е притвор против 65 лица, кое нешто во споредба со претходните 86 од 2012 година значи намалување за 21 лица. На подрачјето на Вишото јавно обвинителство во Штип мерката притвор била определена за 57 лица, кое нешто во споредба со 78 лица од 2012 година значи намален број за 21 лица. Како и во изминатите години, мерката притвор била најчесто применувана спрема сторителите на кривични дела против

[15] Извештај за работата на јавните обвинителства на Република Македонија во 2013 година, Јавно обвинителство на Република Македонија, Скопје, 2014.

имотот, потоа за кривични дела против животот и телото и кривични дела против здравјето на луѓето.

Тргнувајќи од стварната надлежност на Основното јавно обвинителство за гонење на кривични дела од организиран криминал и корупција, барањата за спроведување истрага се однесуваат на тешки кривични дела извршени најчесто во организирана форма, во кои постои основано сомневање дека обвинетите ќе се сокријат односно ќе се дадат во бегство, ќе ги уништат трагите на кривичното дело или ќе ја попречуваат истрагата со тоа што ќе влијаат врз сведоците и соучесниците а во одредени кривични дела и стравот дека ќе го повторат делото, јавните обвинители заедно со барањето за истрага за 278 лица поднеле и барање за определување на мерката притвор согласно чл.184 ст.1 т.1, 2 и 3 од ЗКП. Од страна на надлежните истражни судии таквите 43 предлози биле прифатени, па оваа мерка била определена против вкупно 278 обвинети лица и тоа притвор за 275 лица, а за 3 лица била определена мерка куќен притвор како прва одлука.

Споредено со 2012 година кога мерката притвор и куќен притвор била изречена за 188 лица произлегува дека во извештајната 2013 година има зголемување во определувањето на мерката притвор за 85 лица. Изразено во проценти тоа е зголемување за 32% . Мерката притвор како прва мерка е пределена против 278 лица конкретно до 30 дена на 64 лица, до 60 дена на 47 лица, до 90 дена на 16 лица, до 6 месеци на 44 лица, и над 6 месеци на 107 лица.

Потребно е да се истакне дека во 2013 година на 57 лица кои се во бегство им била определена мерка притвор но истата не е реализирана од причина што согласно одлуката на судот определената мерка притвор треба се изврши од моментот на нивното пронаоѓање. Првично определената мерка притвор во текот на постапката на 10 лица им била заменета со мерка куќен притвор.

На дел од овие лица првичната мерка притвор во текот на постапката им била заменета со мерка куќен притвор и тоа вкупно на 10 лица, чие времетраење во текот на 2013 година е определено до 30 дена на 1 лице, до 6 месеци на 6 лица и над 6 месеци на 3 лица.

Во 2013 година за 3 лица била определена мерката куќен притвор од чл.182-а од ЗКП, како прва мерка за обезбедување на присуство на обвинетите во текот на постапката. Времетраењето

на определената мерка куќен притвор била определена против 10 лица и тоа до 30 дена на 1 лице, до 6 месеци на 6 лица и над 6 месеци на 3 лица.

За 26 лица на кои мерката притвор им била определена во 2012 година, истата продолжила да се применува и во 2013 година и тоа до 30 дена на 10 лица, до 60 дена на 1 лице, до 90 дена на 2 лица, до 6 месеци на 2 лица, над 6 месеци на 11 лица или вкупно 26 лица.

Анализирано според структурата на кривични дела за кои биле изречени за прв пат во 2013 година, мерките притвор и куќен притвор била одредени против 273 лица и тоа според следната состојбата: за Кривични дела против човечноста и меѓународното право по чл.418-а,418-б,418-в, 418-г од КЗ мерките притвор и куќен притвор биле изречени за 61 лице, за делото Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори од чл.215 од КЗ на 39 лица, за Злосторничко здружување од чл.394од КЗ за 75 лица, за Злоупотреба на службената положба и овластување од чл.353 од КЗ овие мерки биле изречени на 4 лица.

За кривичното дело Перење пари и други приноси од казниво дело по чл. 273 од КЗ на 20 лица им биле изречени мерка притвор и куќен притвор, за Лихварство од чл. 260 од КЗ на 1 лице му била изречена мерка притвор, потоа за Примање поткуп од чл.357 од КЗ на 2 лица, Криумчарење од чл. 278 од КЗ на 25 лица и на 6 лица им била изречена мерка притвор или куќен притвор за кривичното дело Недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрснувачки материи.

**Примена на мерката притвор во 2014**

Мерката притвор во 2014 година била применета против 504 лица, што во однос на 770 лица во 2013 година е намалување на 267 лица.[16] Од годишните извештаи на јавните обвинителства произлегува дека во најголем број случаи мерката притвор траела до 30 дена, а во помал број до 60,90 или преку 90 дена. Времетраењето на притворот согласно одредбите на Законот за кривична постапка е врзано за висината на казната за поодделни кривични дела.

[16] Извештај за работата на јавните обвинителства на Република Македонија во 2014 година, Јавно обвинителство на Република Македонија, Скопје, 2016.

На подрачјето на Вишото јавно обвинителство Скопје по предлог на основните обвинителства мерката притвор била определена против 334 лица кое во споредба со 2013 година од 462 лица се намалува за 128 лица.

На подрачјето на Вишото јавно обвинителство Битола оваа мерка била определена за 71 лица, која бројка во споредба со 186 лица од 2013 година е намалена за 36 лица.

На подрачјето на Вишото јавно обвинителство Штип мерката притвор била определена за 33 лица, кое во споредба со 57 лица од 2013 година значи намален број за 24 лица.

Како и претходните години и оваа година е забележливо дека мерката притвор била најчесто применувана спрема сторителите на кривични дела против имотот, потоа за кривичните дела против животот и телото и кривични дела против здравјето на луѓето.

Со оглед на тоа дека Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција во согласност со својата законски утврдена стварна надлежност постапува по предмети за тешки кривични дела, многу често во организирана форма и со елементи кои што укажуваат на висок степен на противправност во истите, како мерка за обезбедување на присуство на осомничените во текот на постапката најчесто предложувана е мерката притвор поради постоење на основите дека осомничените може да се сокријат или да се дадат во бегство, дека ќе ги уништат трагите на кривичното дело, дека ќе ја попречуваат истрагата, ќе влијаат врз сведоците и соучесниците, а во одредени случаи постои и страв дека ќе го повторат делото.

Во текот на 2014 година, постапувајќи согласно своите надлежности јавните обвинители на ова обвинителство согласно чл. 166 од ЗКП поднеле образложени предлози за определување мерка притвор за вкупно 251 лице, кои предлози биле прифатени од надлежните судии на претходна постапка и тоа согласно основите предвидени во чл.165 и чл.470 од ЗКП.

Против 197 лица бил поднесен предлог за определување на мерка притвор согласно чл.165 ст.1 т.1 од Законот за кривична постапка и истите биле прифатени од страна на надлежните судии на претходна постапка.

Против едно лице бил поднесен предлог за определување на мерка притвор согласно чл. 165 ст.1 т.1,2 и 3 од ЗКП и истиот бил прифатен од страна на надлежниот судија на претходна постапка.

Против 53 лица бил поднесен предлог за определување на мерка притвор согласно чл.470 ст. 1 т.1 од ЗКП од кои за 1 лице ваквиот предлог не бил прифатен и бил определен куќен притвор во траење од 8 дена, а истиот бил продолжен за уште 30 дена, додека за останатите 52 лица биле прифатени од страна на надлежните судии на претходна постапка.

Мерката притвор определена во 2014 година продолжила да се применува и во 2015 година спрема 53 лица. Во текот на 2014 година спрема 23 лица кои биле во бегство била определена мерка притвор која ќе се изврши од моментот на нивното пронаоѓање.

Споредбено со 2013 година кога мерката притвор и мерката куќен притвор била изречена спрема 278 лица, од кои 257 лица мерка притвор и за 3 лица била определена мерка куќен притвор како прва одлука, се согледува намалување на бројот на лицата спрема кој е определена мерката притвор и мерката куќен притвор за 27 лица, што изразено во проценти значи намалување од 9,71 %.

Првично определената мерка притвор во текот на истражната постапка на 1 лице му била заменета со мерка куќен притвор и истата продолжила да трае и во 2015 година, а била во траење од 60 дена.

Времетраењето на мерката притвор како прва мерка била определена против 250 лица во 2014 година и тоа до 8 дена на 23 лица, до 30 дена на 38 лица, до 60 дена на 3 лица, до 90 дена на 44 лица, до 6 месеци на 73 лица и над 6 месеци на 19 лица.

Времетраењето на определената мерка куќен притвор како прва мерка во 2014 година е определена до 60 дена на 1 лице.

Мерката притвор согласно чл.165 ст.1 т.1, 2 и 3 по вид на кривични дела за 2014 година е определена на 22 лица до 60 дена, на 19 лица до 90 дена, до 6 месеци на 13 лица и над 6 месеци на 16 лица или вкупно 70 лица.

За 19 лица притворот продолжил да се спроведува и во 2015 година.

За кривично дело – Неовластено производство и пуштање во промет наркотични и други психотропни супстанци и прекурсори по чл. 215 ст.3 од КЗ мерката притвор е определена до 60 дена на 6 лица, до 90 дена на 2 лица, до 6 месеци на 24 лица или вкупно на 32 лица.

За 5 лица притворот продолжил да се спроведува и во 2015 година.

За кривично дело – Трговија со луѓе по чл.418-а од КЗ мерката притвор е определена единствено на 1 лице до 60 дена.

За кривично дело Криумчарење мигранти по чл.418-б ст.4 од КЗ мерката притвор е определена на 13 лица до 30 дена, на 13 лица до 60 дена, на 7 лица до 90 дена, на 12 лица до 6 месеци и над 6 месеци на 3 лица или вкупно на 48 лица.

За 16 лица притворот продолжил и во 2015 година.

За кривично дело – Организирање на група и поттикнување на извршување на делата трговија со луѓе, трговија со малолетно лице и криумчарење мигранти по чл.418-в ст.1 од КЗ мерката притвор е определена до 90 дена на 6 лица, до 6 месеци на 4 лица или вкупно на 10 лица.

За 4 лица притворот продолжил и во 2015 година.

На 1 лице мерката притвор му била заменета со куќен притвор и истата продолжила и во 2015 година, и на 6 лица на кои им била определена мерката притвор им продолжила во 2015 година.

За кривично дело – Трговија со малолетно лице по чл.418 – г од КЗ мерката притвор е определена до 6 месеци на 2 лица.

За 2 лица притворот продолжил и во 2015 година.

За кривично дело – Злоупотреба на безвизниот режим со државите членки на Европската Унија и на Шенгенскиот договор по чл.418-д од КЗ мерката притвор е определена до 30 дена на 2 лица, до 6 месеци на 10 лица или вкупно на 12 лица.

За кривично дело – Злоупотреба на службената положба и овластување по чл.353 од КЗ мерката притвор единствено е определена на 1 лице до 30 дена.

Определена мерка притвор согласно чл.470 ст.1 т.1 од ЗКП, по вид на кривични дела за 2014 година:

За кривично дело – Противзаконито посредување по чл.359 ст.1 од КЗ мерката притвор е определена до 30 дена на 2 лица.

За кривично дело – Криумчарење мигранти по чл. 418 – б ст.4 од КЗ мерката притвор е определена до 60 дена на 1 лице.

Така може да се согледа дека структурата на определените мерки притвор и куќен притвор е следна: за кривичното дело Злоупотреба на службената положба и овластувања по чл.353 од КЗ, мерката притвор била определена за едно лице, а тоа изразено во проценти изнесува 0,40% од вкупниот број на лица спрема кои е определена оваа мерка. За кривичното дело предвидено во чл.359

од КЗ- Противзаконито посредување, мерката притвор е определена за 2 лица, што изразено во проценти е 0,80% од вкупниот број на лица спрема кои е определена оваа мерка. За кривичното дело од чл.384 од КЗ, Злосторничко здружување, мерката притвор била определена за 70 лица или тоа изразено во проценти изнесува 27,9%. За Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги псхотропни супстанци и прекурсори, дело кое е предвидено во чл. 215 од КЗ, мерката притвор била определена за 32 лица, односно 12,75 %. За кривичното дело Трговија со луѓе од чл.418-а од КЗ, мерката притвор била определена 0,40% или поточно за 1 лице. Потоа за кривичното дело Криумчарење мигранти од чл. 418-б ст.2 од КЗ мерката притвор била определена за 51 лице, или за 20,31% од вкупниот број на лица спрема кои е определена оваа мерка, за истото кривично дело, но за ст. 4 од КЗ, мерката притвор е определена за 49 лица или тоа значи 19,52%. За кривичното дело од чл.418-в ст.1 од КЗ статистиката покажува дека мерката притвор е определена за 10 лица, што во проценти би изнесувало 3,98 %, за делото од ст.2 на истиот член, мерката притвор била определена за 21 лице или за 8,37% од вкупниот број на лица спрема кој е определена оваа мерка. Мерката притвор била изречна на 12 лица, односно 4,78 % за кривичното дело Злоупотреба на безвизниот режим со државите членки на ЕУ и на Шенгенскиот договор, предвидено во чл.418 – д од КЗ. За кривичното дело Трговија со малолетно лице од чл. 418-г од КЗ, мерката притвор била определена за 2 лица, односно за 0,80% од вкупниот број на лица спрема кој била определена оваа мерка.[17]

## CONCLUSIONS AND RECOMMENDATIONS

In the determination of detention particular attention should be paid to respecting the principle of presumption of innocence, which means that a person is considered innocent until a final verdict. Compliance with this constitutionally guaranteed right of the citizens, can be achieved with proper education for all social actors in the field of human rights and freedoms of citizens, which in turn would facilitate overcoming the problem and avoid abuse.

[17] Извештај за работата на јавните обвинителства на Република Македонија во 2014 година, Јавно обвинителство на Република Македонија, Скопје, 2016.

The adoption of the new Criminal Procedure Code in some way will declaratively contribute to improvement of the situation in the judiciary system, but in practice, special attention should be paid to the training of public prosecutors and judges on the application and interpretation of the new CPC, to reduce pressures on the media and political parties, in order to significantly protect human rights.

In Macedonia, we often encounter cases where detention lasts as long as the prison sentence, the verdict, and those points to the need of shortening the duration of detention, particularly for crimes entitled for shorter imprisonment. Detention should be awarded as a last / necessary measure to ensure the presence, unless there is no guarantee that the presence could be ensured through other measures. The detention and detention continuation decisions should contain accurate descriptions and arguments about the legal grounds for the measure, an imperative for all parties in the criminal proceedings. Also it is necessary to set wider limits for judicial system independence because independent judges will be able to make reasonable and reasoned decisions without any pressure.

**ЛИТЕРАТУРА**

Матовски Никола, *Казнено процесно право*. Скопје: Академик, 2011.

Лажетиќ – Бужаровска Гордана*, Казнено процесно право (учебно помагало.* Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје, Правен факултет „Јустинијан Први“, 2015.

Буџакоски Стефан, *Казнено процесно право (авторизирани предавања)*. Скопје: Фон Универзитет, 2012.

Таукова Танкица, *Мерки за обезбедување присуство на лица во кривичната постапка – домашна практика и практика на европски суд за човекови права: магистерски труд*. Скопје, Фон Универзитет, 2016.

Закон за кривична постапка. *Службен весник на Република Македонија* бр.15/97, 44/08,74/04,15/05 пречистен текст, 83/08,67/09150/10,51/11,100/12.

Кривичен Законик. *Службен весник на Република Македонија* број 37/96, 80/99, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14 и 115/14.

Извештај за работата на јавните обвинителства на Република Македонија во 2009 година, Скопје: Јавно обвинителство на Република Македонија, 2010.

Извештај за работата на јавните обвинителства на Република Македонија во 2010 година, Скопје: Јавно обвинителство на Република Македонија, 2011

Извештај за работата на јавните обвинителства на Република Македонија во 2011 година, Скопје: Јавно обвинителство на Република Македонија, 2012.

Извештај за работата на јавните обвинителства на Република Македонија во 2012 година, Скопје: Јавно обвинителство на Република Македонија, 2013.

Извештај за работата на јавните обвинителства на Република Македонија во 2013 година, Скопје: Јавно обвинителство на Република Македонија, 2014.

Извештај за работата на јавните обвинителства на Република Македонија во 2014 година, Скопје: Јавно обвинителство на Република Македонија, 2016.

http://polis.osce.org/library/f/4100/3822/OSCE-MKD-TRN-4100-MK-3822.pdf